Врз основа на Член 35 и 36 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018) и Член 71 и 72 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Одборот на Универзитетот на состанокот одржан на 05.06.2020 година го усвои следниов:

# СТАТУТ НА СТУДЕНТСКОТО СОБРАНИЕ И АСОЦИЈАЦИЈА

### Студентско организирање

### Член 1

(1) Студентското собрание и асоцијација (во понатамошниот текст Студентско собрание) е тело на Универзитетот на Југоисточна Европа (во понатамошниот текст Универзитет), во кое членови се претставници од студентите.

(2) Универзитетот на Студентското собрание и на студентскиот правобранител му обезбедува услови и простор за работа како и административна и техничка помош.

### Финансирање

### Член 2

(1) Работата на Студентското собрание се финансира од финансиските средства на Универзитетот, како и од други извори во рамките на буџетските параметри.

(2) Студентското собрание располага со финансиите на начин одреден од Буџетот на Универзитетот.

(3) Годишната програма и буџетот ги одобрува Студентското собрание и ги овластува Одборот на Универзитетот на годишна основа за тековната академска година. Буџетот на Студентското собрание го надгледува Универзитетот. Студентското собрание е должно редовно да доставува извештај на Универзитетот.

### Студентско собрание и асоцијација (ССА)

### Член 3

(1) Студентското собрание е тело на Универзитетот во кое членови се претставници од студентите.

(2) Студентското собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку своите членови во телата за донесување одлуки и органите на универзитетот и ги претставува студентите во рамките на високото образование како членови на академската заедница.

### Надлежности

### Член 4

(1) Студентското собрание има надлежност:

- Да избира претставници од студентите во Сенатот и другите универзитетски тела,
- Да донесе план и програма за својата работа,
- Да предлага Студентски правобранител,

- Да се грижи за квалитетот на студентскиот живот и квалитетот на студискиот процес, студентскиот стандард, остварувањето на правата и интересите на студентите и културното, социјалното и интелектуалното усовршување на студентите,
- Да предлага на раководните тела план за финансирање на студентските активности,
- Да ги поттикнува стимулира студентските активности надвор од наставниот процес,
- Да извршува и други активности во интерес на студентите.

(2) Студентското собрание се состои од претставници на студентите избрани о студентите на универзитетот на редовни избори на Студентското собрание.

(3) Во Студентското собрание студентите се претставени од најмалку два члена од секој факултет со едногодишен мандат и имаат право на друг избор.

(4) Претседателот на Студентското собрание се избира од редот на студентските претставници во собранието со едногодишен мандат и има право на уште еден избор.

(5) Студентското собрание и асоцијација обезбедуваат повеќејазичен пристап за сите активности и делувања на албански, на македонски и на англиски јазик.

**Членство**

**Член 5**

(1) Студентското собрание обрнува посебно внимание на еднаквоста за да осигури интересите на сите студенти да бидат активно претставени.

(2) Студентското собрание на УЈИЕ се состои од претставници од сите 5 факултети и од Центарот во Скопје според следново:

- 2 претставници од додипломските студии од секој факултет во Тетово ;
- 2 претставници од додипломските студии од Центарот на УЈИЕ во Скопје;
- 1 претставник од студентите на магистерски студии од секој факултет од Кампусот во Тетово;
- 1 претставник од студентите на магистерски студии од Центарот во Скопје;
- 1 кандидат од помалку застапениот род или од немнозинските јазични/етнички заедници.

(3) Доколку има недоволно претставување од некоја област , позицијата останува слободна до следните избори.

(4) Изборите на Студентското собрание се организираат во согласност со Упатствата за избори на Студентското собрание и асоцијација.

(5) Кандидатите кои се предмет на дисциплинска постапка или веќе не се валидни студенти немаат право да се кандидираат.

**Мандат**

**Член 6**

Мандатот на избраните претставници е следен:

- Претставниците се избираат преку годишни избори според потребите, во октомври секоја академска година;

- Мандатот на претставниците на Студентското собрание е 1 година, со право на уште еден избор, од 1 декември до 30 ноември од тековната академска година;
- Мандатот на претставниците на Студентското собрание може да биде продолжен сè додека не заврши изборот на новите студентски претставници. Ниту еден студентски претставник чиј мандат е продолжен заради одржување на изборите, нема да добие никаков надоместок.
- Претставниците можат максимално да имаат два мандати.

**Водство на собранието**

**Член 7**

(1) Водството на Студентското собрание и асоцијација се состои од:

- 1 претседател
- 1 заменик-претседател (Тетово/Скопје, соодветно на еднаквата застапеност);

(2) Откако ќе бидат потврдени новите членови на Студентското собрание, Претседавачот на изборната комисија ја иницира првата седница на Студентското собрание и објавува конкурс за наведените позиции. Претседателот и заменик-претседателот се избираат од собранието за мандат од 1 година со право да бидат избрани за уште еден мандат. Сите службеници треба да бидат тековни членови на собранието.

(3) Претседателот и заменик-претседателот се од различни кампуси на Универзитетот со должна почит на еднаквоста.

(4) Студентското собрание исто така назначува Секретар со едногодишен мандат за да ги извршува административните работи на состаноците на собранието и за општа организација на активностите.

**Надворешни претставувања и членство во други тела**

**Член 8**

Студентското собрание испраќа претставници ( кои не мора да се членови на студентското собрание ) до следниве надворешни и универзитетски тела:

- Интеруниверзитетска конференција во која е вклучен претседателот од секое Студентско собрание;
- Интеруниверзитетско Студентско собрание;
- Одборот на Универзитетот, претставуван од претседателот на Студентското собрание;
- Сенатор на УЈИЕ, пет члена избрани од Студентското собрание, со едногодишен мандат;
- Ректорска управа, Претседателот на Студентското собрание;
- Наставно- научен совет, еден претставник од секој од трите циклуси на студии избран од студентите од соодветната група на засегнатиот факултет. Мандатот на претставниците на студентите е две години.
- Одборот за соработка и доверба со јавноста/Тимови за квалитет на факултетите.

**Студентски правобранител**

**Член 9**

(1) Заради заштита на правата на студентите од редот на редовните студенти на Универзитетот се избира студентски правобранител.

(2) Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот на Универзитетот, на предлог на Универзитетското студентско собрание од кандидати кои не се членови на собранието на претходно објавен конкурс. Конкурсот го објавува Студентското собрание откако ќе се изберат телата на Студентското собрание.

(3) Мандатот на студентскиот правобранител е 2 години, без можност за реизбор.

(4) Постапката за разрешување на Студентскиот правобранител може да ја иницира Студентското собрание додека одлуката за разрешување ја одобрува Сенатот на Универзитетот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови .

**Надлежности на студентскиот правобранител**

**Член 10**

(1) Студентскиот правобранител постапува по жалба од студентот или по своја иницијатива доколку утврди дека правото на студентот е повредено од авторитетите на универзитетот или од некој член на кадарот на Универзитетот.

(2) За неговата/нејзината работа Студентскиот правобранител доставува годишен извештај до Сенатот на Универзитетот.

(3) Надлежноста, барањата за избор, постапката за избор и разрешување и работата на студентскиот правобранител се утврдени со Правилникот за работа на Универзитетскиот студентски правобранител.

**Комисии со платени координтори**

**Член 11**

(1) Студентското собрание го задржува правото да формира соодветни комисии кои ќе ја извршуваат работата. Може да има платени координатори за специфичните области за работа, кои се ревидираат на годишно ниво. Координаторите организираат комитети, работни групи, поткомитети со годишен буџетски план кој го одобрува собранието и потоа истиот функционира и се евалуира.

(2) Клучните области кои може да имаат платен координатор се:

- Информација и промоција со поткомитети за:
  - Билтен
  - Радио
  - Веб-страница
  - Материјали за информирање и за издавање
- Работа во заедница (студентски служби за социјални грижи, доброволни цели и услуги за заедницата)
- Забава (забави, музика, социјални настани, вечерни активности за студентите кои живеат на Кампусот)
- Култура и спорт (во соработка со одговорниот на одделот за спорт, студентите може да организираат различни клубови)
- Студентски клубови.

**Студентски клубови**

**Член 12**

Студентските клубови се формираат од група студенти кои работат во одредени области во рамките на Универзитетот кои се во интерес на студентите од УЈИЕ и се во согласност со принципите на Студентското собрание и универзитетот.

Студентски клубови се формираат на барање на најмалку 3 студенти кои се одговорни за начинот на кој работи клубот. Тие треба да развијат конкретен план за работата на клубот и истиот да го претстават пред Студентското собрание кое проценува со мнозинство гласови дали се прифаќа отворањето на клубот.

За финансирање на клупските активности, клубот донесува детално барање за релевантната активност што ја доставуваат до Студентското собрание, кој донесува одлука за барањето.

Клубовите можат да се распуштат во овие случаи:

- од самите членови;
- од Студентското собрание ако утврдат дека работата што била ветена не е завршена;
- од самиот Универзитет ако смета дека работи во спротивност на интересите и спротивно на принципите на Универзитетот.

**Работно време**

**Член 13**

Студентското собрание и студентскиот правобранител издаваат распоред за работното време на годишно ниво, над 6 работни дена.

**Завршни одредби**

**Член 14**

Статутот влегува во сила од 01.12.2019 година.